**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 09.01.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 0305 | 127/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје, издавач на „Народен лекар“, и тоа:

   - изданието бр. 596 на „Народен лекар“ од 20 декември 2023 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 9 јануари 2024 година.

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши за да се констатира дали Друштвото за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје постапило по решението за преземање мерка – јавна опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор беше извршен на 26.10.2023 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр. 591 на „Народен лекар“ од 11 октомври 2023 година, не го објавил точниот датум на печатење на овој број, односно како датум на печатење во импресумот го навел 8-ми јануари 2023 година.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – јавна опомена бр. 03-370 од 24.11.2023 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-3866 од 26.10.2023 година).

**6. Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор на изданието бр. 596 на „Народен лекар“ од 20 декември 2023 година е констатирано дека Друштвото за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје во целост постапило по решението за преземање мерка, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***